**1156.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2018 година.

Бр. 08-2454/1
4 април 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

Член 1

Во Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија" број 67/2009 и 43/14), во членот 9 став (2) точка 6) во алинејата 7 сврзникот „и" се заменува со точка.

Точката 7) се брише.

Член 2

Одредбите од членот 9 став (2) точка 6) од Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија" број 67/2009 и 43/14), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Директорот - Владин агент кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот - Владин агент кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PËRFAQËSIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË PARA GJYKATËS EVROPIANE PËR TË DREJTAT E NJERIUT**

Neni 1

Në Ligjin për përfaqësimin e Republikës së Maqedonisë para Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 67/2009 dhe 43/14), në nenin 9 paragrafi (2) pika 6) në alinenë 7 lidhëza "dhe" zëvendësohet me pikë.

Pika 7) shlyhet.

Neni 2

Dispozitat nga neni 9 paragrafi (2) pika 6) nga Ligji për përfaqësimin e Republikës së Maqedonisë para Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 67/09 dhe 43/14) nuk do të zbatohen nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri me 1 shtator 2018.

Neni 3

Drejtori – Agjent Qeveritar që është i emëruar në periudhën nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri me 1 shtator të vitit 2018, është i detyruar ta plotësoj kushtin për njohjen e gjuhës së huaj më së voni në afat prej të një viti nga dita e emërimit të tij.

Drejtorit-Agjent Qeveritar që nuk do ta plotësojë kushtin për njohje të gjuhës së huaj në afat të përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni i pushon mandati.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1157.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2018 година.

Бр. 08-2455/1
4 април 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.